# З А П И С Н И К
**од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 4.9.2018 година**

**Скопје, септември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 4.9.2018 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев, како и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и м-р Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, д-р Драган Миновски, директор на АД ЕЛЕМ, Рамиз Реџепи, директор на Бирото за регионален развој и Иџет Мемети, народен правобранител на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Асаф Адеми, министер за култура, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за

дијаспора и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 84-та седница на Владата, одржана на 22.8.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Информација за програмите на Унијата за 2017 година

- Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО

- Статус на реализација на Рамковниот договор

  - Информација за статусот на постапките за распределба на вработените преку К5 Програмата во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор

  - Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените и структурата во Управата за финансиска полиција

  - Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за воведувањето на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Албанија на патниот граничен премин Ќафасан - Кафтане

2. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

3. Информација за Годишната програма на националната инфраструктура на просторните податоци за 2018 година, со Предлог-годишна програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2018 година

4. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности

5. Барање за добивање согласност за основање на автокамп во Општина Петровец, со Предлог-одлука

6. Барање за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, со Предлог-одлука

7. Информација за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „ФПЦ Технопласт“ ДООЕЛ увоз-извоз, Илинден, со Предлог-одлука

8. Нацрт-договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија, услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште, со Предлог-одлуки

9. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

10. Годишна сметка, Финансиски извештај и Годишен извештај за работењето на АД „ЕЛЕМ“ - Скопје за 2016 година, Извештај од Надзорниот одбор на АД „ЕЛЕМ“ - Скопје за извршената контрола и Извештај од независниот ревизор, со Предлог-одлуки и дополнувања

11. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост Скопје за 2016 година, со Извештај од независниот ревизор, Предлог-одлука и дополнувања

12. Информација за текот и активностите за проектот ХЕ „Чебрен“

13. Предлог-одлука во врска со донесување на одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, Скопје, во државна сопственост, со придружни материјали и Предлог -одлука

14. Информација за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица“, со превозно средство - пловен објект -чамец без мотор во „Св. Наум“, со Предлог-одлуки

15. Информација за донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, Одлука за изменување на Изјавата за основање и Одлука за покривање на загубите на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2016 година, со Предлог-одлуки

16. Информација за донесување на Решение за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена, со Предлог-решение

17. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-551/18

18. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-549/18

19. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите У.Бр.361/18

20. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите.ДП.Бр.03-553/18

21. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Свети Николе

22. Информација за настанатото свлечиште на локалниот пат од град Кавадарци до село Мрежичко, Општина Кавадарци

**б) Економски систем и тековна економска политика**

23. Предлог-закон за јавните набавки

24. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно- медицински препарати

25. Предлог-програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година

26. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изграден објект - оранжерија со непосредна спогодба со ДПТУ „Зелена куќа“ ДОО, с. Горни Подлог, Кочани, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација (полетувалиште за параглајдери и придружни содржини) КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со Предлог-одлука

28. Информација за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со тендерска документација

29. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“, Општина Велес од Друштвото за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз - увоз „Екоцентар 97“ ДООЕЛ Скопје на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа и услуги „Кепс монт груп“ ДОО Скопје

30. Информација за потребата за определување на државен регионален пат Р2240, делница: врска со Р1201-Вевчани-Октиси-врска со А2, по барање на Јавното претпријатие

за државни патишта, а врз основа на одлука на Општина Вевчани за прекатегоризација на дел од транзитен пат низ населено место во општинска улица, со Предлог-одлука

31. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот,,Изградба на патна делница Градско - Клучка Дреново, како дел од коридор X-d“

32. Информација во врска со утврдување на потребата за изработка на нов закон за стратешки инвестиции во Република Македонија

33. Информација за потребата од подобрување на состојбата на општинската патна мрежа

34. Информација за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран поради констатирани неправилности при спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична програма помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013

**в) Политички систем**

35. Информација за подготовката на 15-тиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој ќе се одржи на 4 октомври 2018 година во Скопје, со прилози

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

36. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата во 2019 година

37. Предлог-програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2018 година

38. Информација во врска со Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија, септември 2018 - 2025 година, со нов текст на Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија, септември 2018 - 2025 година, со Акциски план (септември 2018 - 2025 година)

39. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги „Грин лајф“ (Green life) ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

40. Извештај за извршените преговори за склучување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Кувајт во областа на културата и уметноста, со усогласен текст на Спогодба

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

41. Предлог -одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

42. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за игри на среќа, трговија и услуги „Зеро лајф бет“ ДОО Теарце за деловната просторија на ул.„Гоце Делчев“ бр.1 во Теарце

43. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа, во автомат клуб, на Друштвото за приредување на игри на среќа „Казино милионер“, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„121“ бр.1, локал 1 во Тетово

**б) Политички систем**

44. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основниот суд Скопје I Скопје

45. Предлог-одлука за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

46. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари - книги од проектот „Светско книжевно богатство“ (68 одлуки)

47. Предлог -одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Битола

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

48. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

49. Информација со предлог за преземање мерки во врска со проблемот со кој се соочуваат невработените лица, заради примената на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

50. Посебен извештај за попречување на работата на Народниот правобранител

51. Понуда од нотарката Кристина Костова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8323 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр.1176

52. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.283 за КО Визбегово, на КП бр.557, викано место/улица Село, доставена од нотарот Ристо Папазов од Скопје

53. Понуда од нотарката Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20301 за КО Штип на КП бр.8777

54. Понуда од нотарот Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44693 за КО Трубарево на КП бр.248

55. Предлог од нотарката Лидија Смиљаноска од Скопје, за размена на недвижни ствари сопственост на Република Македонија со недвижни ствари - приватна сопственост со Имотен лист бр. 389 за КО Бујковци, пописен лист бр. 97 за КО Бујковци, пописен лист бр.98 КО Бујковци, пописен лист бр. 232 за КО Бујковци, Имотен лист бр. 54 за КО Бунарџик, Имотен лист бр. 129 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5371 за КО Миладиновци, Имотен лист бр. 5378 за КО Миладиновци, Имотен лист бр. 5452 за КО Миладиновци и пописен лист бр. 137 за КО Мршевци

56. Известување од извршителката Снежана Андреевска од Скопје под И бр.762/17 за Налог за извршување врз недвижност

57. Известување од извршителката Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), доставен под И.бр.622/17, со дополнување

58. Известување од извршителката Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр.339/17

**д) Други предлози**

59. Кадровски прашања

60. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

61. Тромесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес за април-јуни 2018 година

62. Извештај за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица“ Кичево за вториот квартал на 2018 година

63. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1.1.2018 година до 31.3.2018 година

64. Полугодишен извештај за работата на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за периодот јануари - јуни 2018 година

65. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јануари - јуни 2018 година

66. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје за периодот април - јуни 2018 година

67. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов, согласно Законот за рибарство и аквакултура, за период од јануари до јуни 2018 година

68. Извештај за работата на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали во 2017 година, како и имплементацијата на Националниот акционен план за спроведување на Резолуцијата 1540 на Советот на безбедност на ОН, за периодот 2014 - 2017 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

69. Информација за актуелната состојба на Бирото за регионален развој, проблемите со кои се соочува и потребата од зголемување и унапредување на капацитетите на Бирото за регионален развој, со цел функционирање на Бирото

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 84-та седница на Владата, одржана на 22.8.2018 година

*

* *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Информација за програмите на Унијата за 2017 година**

Владата не расправаше по Информацијата за програмите на Унијата за 2017 година.

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

Владата го донесе Решението за именување претседавач, заменици на претседавачот и членови на Комитетот за интеграција на Република Македонија во НАТО, кое претходно предлагачот ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

**1.** Владата не расправаше по Информацијата за статусот на постапките за распределба на вработените преку К5 Програмата во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

**2.** Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените и структурата во Управата за финансиска полиција.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за финансии да изготви план за подобрување на состојбата на правичната застапеност на вработените во Министерството, преку преземање на одреден број на вработени од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, согласно донесената одлука на Владата и новите вработувања кои се планирани согласно Годишниот план.

2) Се задолжува Министерството за финансии да изготви Акциски план за подобрување на правичната застапеност на вработените, согласно општата определба за подобрување на состојбите на ова поле во државата, како и со цел подобрување на состојбата во вертикалната раководна поставеност (унапредувањата) на кадрите, како во Министерството за финансии така и во Управата за имотно -правни работи, како една од определбите за сеопшто унапредување и подобра искористеност на човечките ресурси со кое располагаме како општество.

3) Се задолжува Министерството за финансии, квартално да ја информира Владата за преземаните активности за подобрување на правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии и Управата за имотно-правни работи.

4) Се поздравува напредокот и заложбите на Министерството за финансии во делот на рамноправната застапеност на етничките заедници кај вработените во Министерството, постигнато од јуни 2017 година, до сега и се охрабрува Министерството за финансии да продолжи со овој позитивен тренд.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за воведувањето на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Албанија на патниот граничен премин Ќафасан-Кафтане и ја усвои со следните нови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа, во рок од 15 дена, преку Министерството за надворешни работи да го информира Министерството за надворешни работи на Република Албанија за согласноста од потребата за склучување на Спогодба и за потребата од формирање на делегација за започнување на постапка за водење преговори за склучување на Спогодбата за воведување на заеднички гранични контроли на патниот граничен премин Ќафасан - Кафтане.

2. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа, во рок од 15 дена од добиениот став на Министерството за надворешни работи на Република Албанија, да ја информира Владата за преземените активности од заклучок бр.1.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишната програма на националната инфраструктура на просторните податоци за 2018 година, со Предлог-годишна програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2018 година, ја усвои и го донесе новиот текст на Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го разгледа Барањето за добивање согласност за основање на автокамп во Општина Петровец, со Предлог-одлука (нов текст), го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за давање согласност за основање на автокамп во Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледано на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје да подготви и до Владата да достави нов текст на Предлог-одлука, усогласена со Секретаријатот за законодавство (во кој ќе се наведе дека Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ќе ја издадат краткорочната позајмица од 200.000 литри еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје, и соодветно на тоа ќе ги преработи член 1, 3 и 4 од Одлуката), како и Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да достави ново мислење по однос на најновиот текст на Одлуката.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги „ФПЦ Технопласт“ ДООЕЛ увоз-извоз, Илинден, со Предлог-одлука, ја

усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.09-185/1 од 22.1.2016 година и бр.09-185/3 од 2.6.2016 година, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги „ФПЦ Технопласт“ ДООЕЛ увоз - извоз, Илинден, како закупопримач, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата по новиот текст на Нацрт-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија, услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште, со Предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко - индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината (најнов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата по Годишната сметка, Финансискиот извештај и Годишниот извештај за работењето на АД „ЕЛЕМ“ - Скопје за 2016 година, Извештај од Надзорниот одбор на АД „ЕЛЕМ“ - Скопје за извршената контрола и Извештај од независниот ревизор, со Предлог - одлуки и дополнувања кон материјалот, ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје за 2016 година, со Извештај од независниот ревизор;

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година;

3. Одлуката за распределба на добивка по Годишна сметка на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година;

4. Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (д-р Ристо Ачкоски - не се одобрува);

5. Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (Дончо Коевски - не се одобрува);

6. Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (м-р Донка Марковска, независен член - не се одобрува);

7. Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (Сефедин Халити - не се одобрува);

8. Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (м-р Климент Наумоски - не се одобрува);

9. Одлуката за работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (Ивана Николиќ, независен член - не се одобрува);

10. Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (м-р Дејан Бошковски - не се одобрува);

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (Фатмир Лимани - се одобрува);

12. Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (д-р Христијан Мицковски - не се одобрува);

13. Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (м-р Александар Пауновски - не се одобрува);

14. Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (д-р Анита Стамнова - не се одобрува);

15. Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (Гордана Димитриеска - Кочоска - не се одобрува)

16. Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (м-р Иван Куковски - не се одобрува) и

17. Одлуката за работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2016 година (м-р Симон Зафироски - не се одобрува).

Истовремено, се укажува на АД „ЕЛЕМ“ -Скопје, да постапи согласно законските регулативи по однос на забелешките во Ревизорскиот извештај.

## Точка 11

Владата по новиот текст на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост Скопје за 2016 година, со Извештај од независниот ревизор, Предлог-одлука и дополнувања кон материјалот ја донесе Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје за 2016 година, со Извештај од независниот ревизор, во предложениот текст.

Истовремено, се укажува на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, Скопје, по однос на забелешките во Ревизорскиот извештај да постапи согласно законските регулативи.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за текот и активностите за проектот ХЕ „Чебрен“, со нов текст на Предлог-заклучоци и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии и Министерството за економија во рок од еден ден, да достават писмо за поддршка на Проектот за поднесување на апликација за грант од WBIF до Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави апликацијата за грант до WBIF во согласност со предвидениот рок.

3. Се задолжува АД „ЕЛЕМ“ да ја достави Информацијата во врска со Акцискиот план за реализација на проектот ХЕ „Чебрен“ откако Економскиот совет на Владата на Република Македонија ќе заземе став по однос на техничките карактеристики на хидроцентралата и Владата ќе даде согласност за „terms of reference“ за Студијата за влијание на животната средина.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со донесување на Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, Скопје, во државна сопственост, со пропратни материјали и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица“, со превозно средство - пловен објект-чамец без мотор во „Св. Наум“, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-139/3 од 2.5.2018 година),

2. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-141/3 од 2.5.2018 година),

3. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-142/3 од 2.5.2018 година),

4. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-143/3 од 2.5.2018 година),

5. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-144/3 од 2.5.2018 година),

6. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-145/3 од 2.5.2018 година),

7. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-159/3 од 2.5.2018 година),

8. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-160/3 од 2.5.2018 година),

9. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-161/3 од 2.5.2018 година),

10. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-162/3 од 2.5.2018 година),

11. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-165/3 од 2.5.2018 година),

12. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-166/3 од 2.5.2018 година),

13. Одлуката за давање на согласност на најновиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-173/3 од 2.5.2018 година) и

14. Одлуката за давање на согласност на новиот текст на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.03-177/3 од 2.5.2018 година), во предложените текстови.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, Одлука за изменување на Изјавата за основање и Одлука за покривање на загубите на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2016 година, со предлог-одлуки (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за донесување на Одлуката за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, Одлуката за изменување на Изјавата за основање и Одлуката за покривање на загубите на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2016 година.

2. Ја донесе Одлуката за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за покривање на загубите на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, за 2016 година, во предложениот текст.

5. Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Решение за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за именување на членови на Групата за процена, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија, во Катастарот на недвижностите, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот текстот на Предлог-одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 18

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-549/18 за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Државно правобранителство на Република Македонија да достави нов текст на Предлог -одлука, усогласен со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 19

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија, во Катастарот на недвижностите (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-553/18, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот текстот на Предлог-одлуката да го усогласи со Секретаријат за законодавство.

## Точка 21

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Свети Николе, во предложениот текст

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за настанатото свлечиште на локалниот пат од град Кавадарци до село Мрежичко, Општина Кавадарци и ја усвои со следниот заклучок:
- Се задолжува Министерството за финансии, при наредното буџетирање да изнајде начин за обезбедување на потребните финансиски средства во износ од 6.111.368 денари за Општина Кавадарци, за санирање на последиците предизвикани од свлечиштето како и самото свлечиште.

## Точка 23

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за јавните набавки, за наредната седница на Владата. Истовремено, се задолжува Министерството за правда да достави мислење по Предлог-законот.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно-медицински препарати (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Зоран Атанасов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2018 до 2024 година, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изграден објект - оранжерија со непосредна спогодба со ДПТУ „Зелена куќа“ ДОО, с. Горни Подлог, Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изграден објект-оранжерија со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација (полетувалиште за параглајдери и придружни содржини) КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација (полетувалиште за параглајдери и придружни содржини) КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со тендерска документација и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 - Тетовски“.

2. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“.

3. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 - Демир Kаписки“.

4. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Делчевски“.

5. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 4 - Мариовски“.

6. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“.

7. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“.

8. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“.

9. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“.

10. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Мантово“.

11. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“.

12. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Стрежево“.

13. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска“.

14. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Козјак“.

15. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“.

16. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глобочица“.

17. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Младост“.

18. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Мавровица“.

19. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Паљурци“.

## Точка 29

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“, Општина Велес од Друштвото за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз - увоз „Екопцентар 97“ ДООЕЛ Скопје на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа и услуги „Кепс монт груп“ ДОО Скопје, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата за определување на државен регионален пат Р2240, делница: врска со Р1201-Вевчани-Октиси-врска со А2, по барање на Јавното претпријатие за државни патишта, а врз основа на одлука на Општина Вевчани за прекатегоризација на дел од транзитен пат низ населено место во општинска улица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за категоризација на државните патишта, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите за реализација на проектот „Изградба на патна делница Градско - Клучка Дреново, како дел од коридор X-d“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Националниот конзерваторски центар за дел од делницата Градско - Дреново каде постои основано мислење за постоење на површини со археолошки содржини да ги преземе сите неопходни мерки со цел овозможување на целосен и непречен пристап на изведувачот во рок од 30 дена.

2. Се укажува на Државното правобранителство на Република Македонија во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта да ги преземат сите неопходни мерки за завршување на експропријација на земјиштето кое не беше во сопственост на Република Македонија најдоцна до крајот на септември 2018 година.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да преземе мерки за интензивирање на градежните работи и до крајот на октомври 2018 година до Владата да достави информација за прогрес на проектот „Изградба на патна делница Градско-Клучка Дреново, како дел од коридор X-d“, во кој ќе го поврзе интензивирањето на реализацијата на градежните работи со крајниот рок на планираното.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со утврдување на потребата за изработка на нов закон за стратешки инвестиции во Република Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, во рок од пет дена, до Министерството за транспорт и врски да достават номинација на лице за работната група за изработка на Предлог-закон за стратешки инвестиции во Република Македонија.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од три дена по добиените номинации да формира работна група за изработка на Предлог-закон за стратешки инвестиции во Република Македонија.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 60 дена од формирањето на работната група да подготви и до Владата да достави, Предлог-закон за стратешки инвестиции во Република Македонија.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од подобрување на состојбата на општинската патна мрежа, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да отпочне постапка за задолжување кај Светската банка, со заем во висина од 70 милиони евра, во зависност од можностите на Буџетот (јавниот долг), согласно Стратегијата за соработка со Светската банка која е во постапка на донесување.

## Точка 34

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата за поврат на финансиски средства од Општина Дојран поради констатирани неправилности при спроведување на проект финансиран од ИПА Прекугранична програма помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013 за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 6.9.2018 година (четврток), доколку до тогаш Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии се усогласат и до Владата достават заеднички предлог

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на 15-тиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој ќе се одржи на 4 октомври 2018 година во Скопје, со прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се назначува м-р Андрија Алексоски од Министерството за финансии за претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија до 19 септември 2018 година.

## Точка 36

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации од областа на културата во 2019 година, во предложениот текст

## Точка 37

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија, септември 2018 - 2025 година, со нов текст на Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија, септември 2018 - 2025 година, со Акциски план (септември 2018 - 2025 година) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија (септември 2018 - 2025) година.

2. Го прифати Акцискиот план кон Стратегијата за унапредување на менталното здравје во Република Македонија (септември 2018-2025 година).

Истовремено, Владата заклучи формирањето и функционирањето на нови центри, советувалишта, дневни болници и оддели, како и сите останати мерки и активности да се реализираат во рамки на постојните институционални капацитети и расположливи средства на надлежните институции, а потребните средства да се обезбедат во рамки на максималните износи на расходи и да се планираат соодветно во буџетските барања за секоја фискална година.

## Точка 39

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Грин лајф“ (Green life), ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој. Поради потребата Министерството за здравство да подготви и до Владата да достави нов текст на Предлог-одлука за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „Грин лајф“ (Green life) ДОО Скопје (со новото седиште на фирмата), како и министерот за здравство да донесе Решение за престанок на важење на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „Грин лајф“ (Green life)

ДОО Скопје, донесено на 1.6.2018 година, под бр. 19-400/3 и Решението за измена на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „Грин лајф“ (Green life), ДОО Скопје, донесено на 27.8.2018 година, под бр. 19-400/9, како и да донесе ново Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „Грин лајф“ (Green life) , ДОО Скопје кое што ќе одговара на седиштето на фирмата .

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Извештајот за извршените преговори за склучување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Кувајт во областа на културата и уметноста, со усогласен текст на Спогодба, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука, во рок од два месеци, да достави до Владата информација за законски измени коишто ќе обезбедат конкурентност и квалитет во процесот на откуп на учебници.

**Точка 42**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за игри на среќа, трговија и услуги „Зеро лајф бет“ „“ ДОО Теарце за деловната просторија на ул.„Гоце Делчев“ бр.1 во Теарце.

**Точка 43**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-лиценцата за приредување на игри на среќа, во автомат клуб, на Друштвото за приредување на игри на среќа „Казино милионер“, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„121“ бр.1, локал 1 во Тетово.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основниот суд Скопје 1 Скопје, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 46**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија;
2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Народната банка на Република Македонија;
3. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности;
4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Централниот регистар на Република Македонија;
5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за разузнавање;
7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за управување со одземен имот;
8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за пошти;
9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за администрација;
10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за стоковни резерви;
11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за остварување на правата на заедниците;
12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за млади и спорт;
13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за вработување на Република Македонија;
14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за електронски комуникации;
15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност;
16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија;
17. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;
18. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството;
19. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за цивилно воздухопловство;
20. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;
21. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот;
22. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за енергетика на Република Македонија;
23. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за супервизија на осигурување;

24. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија;
25. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
26. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
27. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за филм на Република Македонија;
28. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи;
29. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за планирање на просторот;
30. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка;
31. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Комисијата за заштита од дискриминација;
32. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки;
33. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Комисијата за заштита на конкуренцијата;
34. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државната изборна комисија;
35. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државната комисија за спречување на корупцијата;
36. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер;
37. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Комисијата за хартии од вредност;
38. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
39. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Регулаторната комисија за домување;
40. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;
41. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
42. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;
43. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за осигурување на депозити;
44. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за иновации и технолошки развој;
45. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за ревизија;
46. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за статистика;
47. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за индустриска сопственост;

48. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Геолошкиот завод на Република Македонија;
49. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот архив на Република Македонија;
50. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони;
51. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за радијациона сигурност;
52. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации;
53. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување;
54. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита на лични податоци;
55. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати;
56. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи;
57. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии - Управа за јавни приходи;
58. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Биро за судски вештачења;
59. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за управување со кризи;
60. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Институтот за акредитација на Република Македонија;
61. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Институтот за стандардизација на Република Македонија;
62. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Национална и универзитетска библиотека Св. Климент Охридски“ - Скопје;
63. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Универзитетска библиотека Св. Климент Охридски“ - Битола;
64. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Библиотека Григор Прличев“- Охрид;
65. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Библиотека Кочо Рацин“- Тетово;
66. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Универзитетска библиотека Гоце Делчев“- Штип;
67. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа „Затвор - Скопје“ и
68. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа „Казнено-поправен дом-Идризово“, во предложените текстови.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа „Клиничка болница -Битола“, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата не распраавше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, поднесен од пратениците Ејуп Алими и Реџаил Исмаили.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за преземање мерки во врска со проблемот со кој се соочуваат невработените лица, заради примената на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и притоа заклучи:

Од 1.1.2019 година ќе почне да се применува нов закон со кој Управата за јавни приходи електронски ќе ги добива од банките податоците за граѓаните, неопходни за пополнување на Годишната даночна пријава.

Ова ќе придонесе Управата за јавни приходи, како и сите други институции на дневна основа да добиваат податоци за тоа дали граѓаните оствариле приход или не и со тоа трајно би се решил проблемот со кој се соочуваат невработените лица, заради примената на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Точка 50**

Владата го разгледа Посебниот извештај за попречување на работата на Народниот правобранител и заклучи Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за подрачјето на Тетово со седиште во Тетово во соработка со Народниот правобранител да одржат заеднички состанок на кој ќе го разгледаат конкретниот случај и до Владата ќе достават информација со одредени препораки за следно постапување.

**Точка 51**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотарката Кристина Костова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8323 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр.1176, за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.283 за КО Визбегово, на КП бр.557, викано место/улица Село, доставена од нотарот Ристо Папазов од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 53**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотарката Лидија Рибарева од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20301 за КО Штип на КП бр.8777, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотарт Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44693 за КО Трубарево на КП бр.248 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот од нотарката Лидија Смиљаноска од Скопје, за размена на недвижни ствари сопственост на Република Македонија со недвижни ствари - приватна сопственост со Имотен лист бр. 389 за КО Бујковци, пописен лист бр. 97 за КО Бујковци, пописен лист бр.98 КО Бујковци, пописен лист бр. 232 за КО Бујковци, Имотен лист бр. 54 за КО Бунарџик, Имотен лист бр. 129 за КО Миладиновци, Имотен лист бр.5371 за КО Миладиновци, Имотен лист бр. 5378 за КО Миладиновци, Имотен лист бр. 5452 за КО Миладиновци и пописен лист бр. 137 за КО Мршевци и по Предлогот ги усвои мислењата на Министерството за финансии, Државното правобранителство на Република Македонија и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 56**

Владата го разгледа Известувањето од извршителката Снежана Андреевска од Скопје под И бр.762/17 за Налог за извршување врз недвижност и по Известувањето ги усвои Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје, Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата го разгледа Известувањето од извршителката Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), доставен под И.бр.622/17, со дополнување и по истото ги прифати мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр.339/17, за наредната седница на Владата, откако

претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по материјалот.

**Точка 59**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 60**

**1.** По повод претстојната прослава на државниот празник „8 Септември - Ден на независноста“, Владата заклучи:

1) Владата на Република Македонија да ја преземе организацијата на централната прослава на 8.9.2018 година, целодневен настан на платото пред Владата на Република Македонија, со почеток од 17:30 часот до 00:30 часот, вклучувајќи го и официјалното обраќање на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, по повод 27 години од прогласувањето на независноста и самостојноста на Република Македонија.

2) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Македонија, да ја преземе целокупната организација на централната прослава на државниот празник (вклучувајќи детална агенда, визуелен идентитет на настанот, координација помеѓу сите вклучени страни, испраќање на покани, информирање на јавноста и слично).

3) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбедат логистичка поддршка и потребни финансиски средства кои произлегуваат од планот за организација на централната прослава на платото пред Владата.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да обезбеди опрема, техника и логистика за централната прослава на 8.9.2018 година на бул. „Илинден“, пред Владата на Република Македонија, како и потребни материјали за изработка на уметничката изложба на платото и во Владата на Република Македонија.

5) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, за 8.9.2018 година да обезбеди печатење и испорака на покани, превоз на опрема, столици, вода, служба „Securicom“, цвеќе за главна бина и други логистички потреби, како и венци и останата опрема потребна за положување свежо цвеќе.

6) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да ги покрие трошоците за поставување на канти/контејнери за отпад на локацијата за централната свечена прослава, што ќе се одржи на 8.9.2018 година.
7) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија да го договори и потврди учеството на сите планирани културно-уметнички и музички субјекти за централната прослава на празникот.

8) Се задолжува Министерството за култура, во соработка со Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“, да организира настан на кој да присуствува делегација во состав:

- Асаф Адеми, министер за култура,

- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и
- Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

Делегацијата да присуствува на настанот за посета на Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово, на 8.9.2018 година од 10 до 14 часот.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да го покрие превозот Скопје - с. Небрегово за 20 гости.

10) Се препорачува на Македонската радио-телевизија да изврши директен пренос на централната прослава на 8.9.2018 година и да обезбеди архивски материјал за потребите на уметничката инсталација за прославата.

11) Се укажува на „ЕВН Македонија“ да обезбеди приклучок за струја од 80кw за централната прослава на бул. „Илинден“ од 8.9.2018 година, од 18 часот до 9.9.2018 година, до 1 часот.

12) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди чистење на локацијата пред Владата на Република Македонија, на бул. „Илинден“ пред свечената прослава на 7.9.2018 година во 18:15 часот и после прославата, на 9.9.2018 година, во 3 часот.

13) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со СВР Скопје и Бирото за јавна безбедност да го затворат и обезбедат просторот и опремата која ќе се монтира на локација на 7.9.2018 година, во 18 часот, до завршување на прославата.

14) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно прославување на планираната свеченост на 8.9.2018 година.

15) Се задолжува Министерството за здравство на 8.9.2018 година да обезбеди две амбулантни возила.

16) Се препорачува на Град Скопје на 8.9.2018 година да обезбеди две противпожарни возила.

17) Се информираат членовите на Владата дека Собранието на Република Македонија ќе организира свечена прослава на празникот на 7.9.2018 година, со почеток од 18 до 19 часот.

На оваа свеченост ќе се обрати претседателот на Собранието на Република Македонија, м-р Талат Џафери, проследено со коктел - собир во свечената сала на Собранието.

18) Делегацијата во состав:

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија,
- д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања,
- Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции,

да положи цвеќе пред вечните почивалишта на Киро Глигоров и Борис Трајковски, на градските гробишта „Бутел“, на 8.9.2018 година, во 9:45 часот.

19) Делегацијата во состав:

- Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика,
- д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и
- д-р Рената Дескоска, министерка за правда

да положи цвеќе на споменикот „Ослободители на Скопје“ до Владата на Република Македонија, на 8.9.2018 година, во 10:15 часот.

20) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Македонија и Сектор за протокол и преведување при Владата на Република Македонија да го организираат ова традиционално положување на цвеќе.

21) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Македонија да обезбеди гардисти и опрема за положување свежо цвеќе на градските гробишта „Бутел“ и пред споменикот до Владата.

22) Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да го организира свеченото доделување награди за животно дело и спортски достигнувања, кое ќе се одржи во Собранието на Република Македонија, на 8.9.2018 година во 10:30 часот.

Истовремено, Владата го донесе Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник „8 Септември - Ден на независноста“.

**2.** Во врска со одржаниот состанок на Интерсекторската работна група за следење на состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух и дефинирање на соодветни препораки и мерки кои треба да се преземат за подобрување на квалитетот на воздухот (ИРГ) и донесените заклучоци, Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви план за итна набавка и замена на неисправните и застарени РМ инструменти во рамки на постоечките мерни станици.

2) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го забрза процесот за подготовка и доставување до Собранието на Република Македонија на Предлог-законот за индустриско загадување.

3) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да организира состанок со градоначалникот на општина Гази Баба, каде ќе се дискутираат проблемите со квалитетот на воздухот во Општината.

4) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да предложи соодветни измени во Законот за животна средина, во членот 154, каде „план за вонредни состојби“ се преименува во „планови за хаварии“.

5) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да одговори на прашањата на „О2 коалиција“ во временски рок од 15 дена од доставување на истите.

6) Се задолжува претседателот на Интерсекторската работна група за следење на состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух и дефинирање на соодветни препораки и мерки кои треба да се преземат за подобрување на квалитетот на воздухот (ИРГ) во рок од 15 дена да достави статус на реализација на задачите од 40-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.11.2017 година.

**3.** Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија заклучи:

1) Се задолжува Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија во рок од седум дена до Владата да достави информација за тоа до каде е процедурата за основање на туристичка зона - Матка во Општина Сарај.

2) Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од седум дена до Владата да достави информација за тоа до каде е процедурата за основањето на ТИРЗ во Општина Липково.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 27.8.2018 до 2.9.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## Точка 61

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ -Велес за април-јуни 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 62

Владата го разгледа Извештајот за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица“ Кичево за вториот квартал на 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид мислењето на Министерството за финансии со кое се укажува на надлежните во претпријатието да преземат мерки за намалување на непродуктивните трошоци.

## Точка 63

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за период од 1.1.2018 година до 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

Воедно, потребно е предлагачот да го дополни Извештајот со податоци за правичната застапеност на помалите етнички заедници во структурите на Акционерското друштво.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во своите простории на 6.9.2018 година (четврток) во 11:00 часот да одржи состанок со Секретаријатот за законодавство и Министерството за транспорт и врски, со цел измена на соодветната законска регулатива во која ќе се предвиди можноста од АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да се купува деловен простор од страна на јавни претпријатија, акционерски друштва и други државни институции.

2. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во рок од една недела до Владата :

- да подготви пресметка за ненаплатените побарувања за кои не била активирана банкарска гаранција,

- да информира зошто оние кои немаат платено сè уште ги користат објектите,

- да достави список на лица кои не платиле повеќе од 3 месеци и за истите не е активирана банкарска гаранција,

- да достави список кои подружници не постапувале согласно законската регулатива.

**Точка 64**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за работата на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за периодот јануари - јуни 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за енергетика на Република Македонија да ги има предвид укажувањата изнесени во мислењата на:

- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и

- Министерството за економија (укажува на потребата да се преземат соодветни активности за создавање услови за примена на Правилникот за информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија од лицата од јавниот сектор).

**Точка 65**

Владата го разгледа новиот текст на Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јануари - јуни 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП за стопанисување со државните шуми Македонски шуми - Скопје за периодот април - јуни 2018 година за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов, согласно Законот за рибарство и аквакултура, за периодот јануари - јуни 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали во 2017 година, како и имплементацијата на Националниот акциски план за спроведување на Резолуцијата 1540 на Советот на безбедност на ОН, за периодот 2014 - 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за актуелната состојба на Бирото за регионален развој, проблемите со кои се соочува и потребата од зголемување и унапредување на капацитетите на Бирото за регионален развој, со цел функционирање на Бирото и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во соработка со Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да ја разгледа можноста за обезбедување на 300 $м^2$ административен простор за Бирото за регионален развој и во рок од еден месец да ја информираат Владата.

2. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот да ја разгледа можноста за обезбедување на три до пет теренски возила и патничко моторно возило за потребите на Бирото за регионален развој и во рок од еден месец да го информираат Бирото за регионален развој.

3. Се задолжува Бирото за регионален развој, при следното буџетирање да ги утврди своите приоритети за 2019 година.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**